И5314

ДНЕВНИК,

Среда, 7 април 1999 920,9,

ПИСМА

## Поканата од Биеналето беше упатена до Република Македонија

**(„Во Министерството имало малку пари или многу ургенции", „Дневник" од 2 април)**

Во врска со "случајот" Венециско биенале "Дневник" објави информација во која е содржана и мојата телефонски дадена изјава по тој повод. Во еден дел од пренесената изјава пишува дека "во 1993 година МСУ го организираше македонското претставување на Биеналето, а не државата".

Тоа не е во согласност со она што навистина го изјавив. Имено, во 1993 година Музејот на современата уметност на сопствена иницијатива оствари контакт со организаторот на Биеналето и создаде, првпат по осамостојувањето на Македонија, можност за нејзино учество на таа угледна манифестација. Поканата за учество од страна на Биеналето, која следуваше по тие контакти на Музејот, беше упатена до Република Македонија, односно до Министерството за култура.

Според тоа, во таа 1993 година МСУ го иницираше и го организираше националното претставување на актуелната ликовна уметност на Република Македонија преку делата на Глигор Стефанов и Петре Николоски токму од името на државата. Организацијата на тоа учество беше финансирана од Министерството за култура и од фондацијата Сорос.

Во поглед на нашето отсуство од Биеналето годинава (патем речено, Македонија пропушти да го одржи континуитетот на своето учество и во 1995 година) и за имплицитните шпекулации и инсинуации за тоа која е "вистинската причина" за отсуството, се надевам дека ќе дознаеме директно од авторот и од организаторот од одбраниот проект за годинашното Венециско биенале.

**Зоран Петровски,**
**директор на МСУ,**
**Скопје**